

Сите православни христијани го слават празникот на Светата маченичка Марина, позната во народот како Огнена Марија, почитувана како борец за верата Христова и заштитник на жените.

Според народното верување, Света Марина пали и казнува со оган, како Свети Илија кој казнува со молњи и таа спаѓа во “огнените” светци. Вообичаено е на овој празник, кога заради жештините “гори небото и земјата, не се работи “ниедна работа”.

Во народната традиција сочувани се примери на пожари, во топлите празнични денови изгореле жито на луѓето кои работеле на празникот на Свети Марина.

**Празникот Света Огнена Марија или Марина – Марена се слави секоја година на 30 Јули во с. Зубовце, и во село Туминец на манастирот Света Марена.во Мала Преспа.**

Село Туминец е едно од десетте населени места во Мала Преспа. Се наоѓа на самиот брег на Преспанското Езеро во близина на граничниот премин Стење-Горица и е второ село по големина, со околу 800 жители.

Поголем дел од моштите на **Света Огнена Марија-Марина** се наоѓаат во манастирот Света Марина, во село Туминец во областа Мала Преспа, каде се уште се случуваат чуда над нејзините мошти.

**Селска слава - Света Огнена Марија (Марина) – Марена, село Зубовце.**

На 30 јули во подножјето на Шарпланина секоја година чиниш ќе се собере сиот македонски народ,во Зубовце, а таму Зубовце и зубвчани пречекуваат гости кои доаѓаат од секаде.

Гости кои срдечно и гостопримливо се пречекани од зубовчани во нивните домови, но и гости кои се пречекуваат во една од трите цркви, црквата Св. Марена, на денот кога во село Зубовце е селската слава во чест на Света Огнена Марија-Марена

Црквата Света Огнена Марија е изградена пред повеќе од 160 години, од камен и дрво, врз темелите на многу постара црква.

Во 1859 година надалеку познатиот Дичо Зограф, со својата тајфа, ги има насликано живописот на црквата и 50-тина икони, а се потпишал и на престолната икона на Св.Марија.

Во организација на Црковниот Одбор, Зубовчани и оваа година ја продолжуваат и негуваат традицијата оставена со векови од нивните предци.

Ден пред празникот на 29 јули , во воздухот се шири вибрацијата на традиционалната македонска народна, фолклорна музика, таму се диши фолклорот на македонија.

Нека е честит празникот, и нека вечно духовно живее и се памети овој убав ден, денот во чест на Света Огнена Марина-Марена.

АМИН!